# МУР СТИВЕНС ДОО - СКОПЈЕ

## Извештај за транспарентност за 2025 година

**Скопје, март 2026**



**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

**Број 0307 / 37**

**Скопје, 26 март 2026 година**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА**

**НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ**

Согласно барањата на Законот за ревизија (Законот), друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје (МСС) го објавува овој Извештај за транспарентност. Извештајот ги содржи информациите во врска со:

- описот на правната структура и сопственост на друштвото МСС;
- опис на професионалананата мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа;
- опис на управувачката структура на друштвото МСС;
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на друштвото МСС и изјава од аминистративното или управувачкото тело за ефективноста на неговото функционирање;
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот;
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
- изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото МСС;
- изјава за политиката што ја следи друштвото МСС за континуирана едукација на овластените ревизори;
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори во МСС.

## I. Описот на правната структура и сопственост на друштвото МСС

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје е основано под името Македонски Ревизорски Центар ДОО Скопје на ден 23.06.1998 година, согласно Законот за ревизија донесен во 1997 година, како друштво со ограничена одговорност (ДОО).

Друштвото е регистрирано во трговскиот регистар согласно Законот за трговски друштва со ЕМБС 5255414.

Друштвото е регистрирано под број ДР003 во регистарот на друштва за ревизија при ИОРРМ.

Друштвото има лиценца број 02 издадена од СУНР.

Со состојба на 31.12.2024 година МСС вработува 11 лица на неопределено време, од кои, 5 лиценцирани овластени ревизори, 5 лиценцирани овластени сметководители и 1 лиценциран сметководител.

Со состојба на денот на овој Извештај, сопственичката структура на Друштвото е како што следува:

- Антонио Велјанов – овластен ревизиор со удел од 340,100 денари,
- Костадинка Китаноска – овластен ревизор со удел од 37,700 денари.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.200 – сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистирано подружници во земјата или странство, ниту пак има сопственост во други друштва во земјата или странство.

Друштвото има годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија со минимална сума на покривање до 400,000 ЕУР по штетен настан и во годишен агрегат без одбитна франшиза во секој штетен настан. Период на осигурување од 20.01.2024 до 20.01.2025 година е покриен со полиса број 130020014044 издадена од АД Осигурителна Полиса. Период на осигурување од 20.01.2025 до 20.01.2026 година е покриен со полиса број 130020015770 издадена од АД Осигурителна Полиса.

## II. Опис на професионаланата мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа

Со склучување на договор во Март 2009 година, Македонски Ревизорски Центар ДОО Скопје стана полноправна членка на Мур Стивенс Интернационал ЛТД (Мооре Степхенс Интернатионал ЛТД) меѓународна асоцијација на независни сметководствени и ревизорски фирми со седиште во Лондон.

Со склучување на договор во Април 2009 година, Македонски Ревизорски Центар ДОО Скопје стана полноправна членка на Мур Стивенс Европа ЛТД (Мооре Степхенс Еуропе ЛТД) регионална асоцијација на независни сметководствени и ревизорски фирми со седиште во Брисел.

По добиената согласност од Комитетот за политики на Мур Стивенс Интернационал, Македонски Ревизорски Центар ДОО Скопје склучи договор во Јули 2009 година со кој се преименува во Мур Стивенс ДОО Скопје (Мооре Степхенс ЛТД Скопје). Во Септември 2009 година извршена е промена на називот во трговскиот регистар при Централниот Регистар на РМ, а во Декември 2009 година е добиена дозвола за вршење на работи на ревизија под името Мур Стивенс ДОО Скопје од страна на Министерот за финансии на РМ.

По пристапувањето кон асоцијацијата,

- структурата на сопственоста на МСС остана во сопственост на физички лица, овластени ревизори;
- МСС остана независно во професионалното обавување на дејноста;
- МСС презема обврска сопствената методологија за работа да ја прилагоди на онаа на асоцијацијата до максимално можен степен;
- Асоцијацијата има право, преку свои овластени лица, во циклуси од по 3 години, да врши контрола на квалитетот на иврშената работа на МСС.

Како дел од спроведувањето на новиот оперативен и членски модел, членовите на мрежата на меѓународни фирми Мур Стивенс Итернационал, станаа директни членови на мрежата на меѓународни фирми Мур Глобал. Затоа, Мур Стивенс ДОО Скопје се согласи да стане директен член на Мур Глобал и да го раскинете го постојниот договор со Мур Стивенс Итернационал, за која цел, на 31 октомври 2019 година е склучен Договор за членство меѓу Мур Глобал Нетворк Лимитед, Мур Стивенс ДОО Скопје и Мур Стивенс Интернационал Лимитед, со чие потпишување Мур Стивенс ДОО Скопје стана членка на Мур Глобал Нетворк. И по склучувањето на Договорот, Мур Стивенс ДОО Скопје продолжи да ја обавува својата дејност под постојното име.

Мур Глобал е глобална сметководствена и консултантска асоцијација со седиште во Лондон, со 37,199 вработени, во 234 фирми, со 563 канцеларии во 116 земји и приходи во 2025 година од 5,1 милијарди УСД.

## III. Опис на управувачката структура на друштвото МСС

Согласно Законот за трговски друштва во РМ, според кој МСС е регистриран во трговскиот регистар и договорот за основање на друштвото, управувачката структура на друштвото е следната:

- Собир на содружници кои се состои од сите сопственици погоре наведени и
- Управител на друштвото, Антонио Велјанов, еден од погоре наведени сопственици, избран со одлука на Собирот на содружници

## IV. Внатрешниот систем на контрола на квалитетот на друштвото

Политиките и постапките за контрола на квалитетот на работата во друштвото за ревизија МСС се донесени и усвоени врз основа на барањата на Законот за ревизија во Република Македонија, како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни Стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Македонија.

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на:

- МСКК 1 Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансисккки информации и други ангажмани за уверување и поврзаи услуги и
- МСР 220 (ревидиран) Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации.

Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на друштвото за ревизија МСС, така и на секоја поединечна ревизија. Имено, МСКК 1 ги уредува прашањата кои се однесуваат на контрола на квалитетот на ниво на ревизорското, додека МСР 220 се однесува на контролаат на квалитет за поединечни ангажмани.

Основните цели на политиките и постапките за контролата на квалитетот на ревизорската работа кои се усвоени од страна на друштвото за ревизија МСС  се следните:

- **професионалните барања**, според кои, политика на МСС е дека персоналот мора да се придржува на основните принципи на независност, интегритет, објективност, доверливост и професионално однесување;
- **вештината и компетентноста**, според кои, политика на МСС е дека треба да биде екипиран со персонал кои се стекнал и одржува соодветни стручни стандарди и соодветна професионална компетенција која се бара со цел да се овозможи персоналот да ги извршува своите обврски со должно внимание;
- **пренесување на должности**, според кои, политика на МСС е дека извршувањето на ревизорската работа треба да се пренесе (довери) на персонал кои има соодветна стручна подготовка и обука која се бара во дадени околности;
- **делегирање**, според кои, политика на МСС е дека во вршењето на ревизорската работа треба да постои соодветен систем на насочување, надзор и преглед на работата на сите нивоа со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди;

- **консултации**, според кои, политика на МСС е дека секогаш кога е потребно консултирање за одредени специфични и сложени прашања во рамките на самото друштво или со лица надвор од него истото треба да се врши со лица кои имаат соодветна стручност по тоа прашање;
- **прифаќање и задржување на клиенти**, според кои, политика на МСС е донесувањето на адекватните одлуки за прифаќање или задржиување на некој клиент да се врши во контекст на способноста на друштвото адекватно да ја заврши доверената работа како и да води сметка за својот интегритет;
- **надгледување**, според кои, политика на МСС е дека е потребно континуирано надгледување на адекватното и ефективно спроведување  на политиките и постапките за контрола на квалитетот.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, МСС доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото.

Изјавата за ефективност на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 на овој Извештај.

## V. Проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Последните извршени контроли на квалитетот, на денот на издавање на овој Извештај за транспарентност, се:

- контролата на квалитетот во 2024 година за извршени ревизии на финансиски извештаи за годините кои завршуваат на 31 декември 2023 година, извршена од овластено лице на асоцијацијата на независни ревизорски фирми Мур Глобал и

- контролата на квалитетот за 2023/24 година, која ги опфати спроведените ревизии во текот на 2023 година, извршена од страна на овластени лица на Институтот на овластени ревизори на РСМ.

## VI. Субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Друштвото за ревизија МСС во текот на сезоната 2024/2025 година има извршено ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година кај следните клиенти:

| Р.бр. | Клиент | Град | Правен стстус | Вид на ревизија | Консол. извештаи |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стопанска Банка АД Битола | Битола | Законска | ревизија | не |
| 2 | Стопанска Банка АД Битола - МСФИ | Битола | Договорна | ревизија | не |
| 3 | Гранит АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 4 | ВВ Тиквеш АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 5 | Аутомакедонија АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 6 | Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 7 | Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ - МСФИ | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 8 | Факом АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 9 | Тетекс АД | Тетово | Законска | ревизија | да |
| 10 | ДР Пановски АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 11 | Зегин ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 12 | ПЗУ Аптека Зегин Фарм | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 13 | Охридтурист АД | Охрид | Законска | ревизија | не |
| 14 | ЈП за Државни Патишта | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 15 | ЈП за Државни Патишта, 3 посебни извештаи за проекти финансирани со зами на ЕБРД и 1 посебен извештај за проект финансиран со заем ИБРД | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 16 | М-6 ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 17 | М-6 ЕДЕН ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 18 | М6 Аграр ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 19 | Иново статус АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 20 | Централен Депозитар за Хартии од Вредност АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 21 | КБ Инвест АД, вклучувајќи дополнителни 6 поединечни извештаи за фондовите со кои управува | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 22 | ЈП за железничка инфраструктура Железници на РСМ | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 23 | Интернационален Картичен Систем АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 24 | Македонска Берза АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 25 | Македонска Берза АД – МСФИ | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 26 | Граве Осигурување Неживот АД | Скопје | законска | ревизија | не |
| 27 | Граве Осигурување АД | Скопје | законска | ревизија | не |
| 28 | Имаге ПР ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 29 | Инвест Брокер АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 30 | Транслог ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 31 | ПЗУ Аптека Моја Аптека | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 32 | АД Пошта на Северна Македонија | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 33 | АМ Брокер АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 34 | Еко Стар Рециклажа ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 35 | Мега Витал ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 36 | Енерџи Еколинк АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 37 | Осигурителна полиса АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 38 | Финансиско друштво Фактор ИН ДОО | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 39 | Комед ДООЕЛ | Скопје | Договорна | ревизија | не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Министерство за транспорт и комуникации, 2 поединечни извештаи за проекти финансирани со заем од ИБРД | Скопје | Договорна | проект финансиран од донатор | не |
| 41 | Македонски центар за Меѓународна Соработка, 1 поединечен извештај за проект финансиран со грант од Делагацијата на Европска унија во РСМ | Скопје | Договорна | проект финансиран од донатор | не |
| 42 | Варус ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 43 | Суниленс ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 44 | Финансиско друштво Мој Кредит ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 45 | Конструктор ДОО | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 46 | Интертек.ИО ДОО Скопје | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 47 | Силк Роуд Банка АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 48 | ИУТЕ Сафе АД | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 49 | АД Раде Кончар-Апаратна техника | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 50 | Здружение Хабитат Македонија - (издаден е извештај само за консолидираните финансики извештаи) | Скопје | Договорна | ревизија | да |
| 51 | Црвени Брегови АД | Неготино | Законска | ревизија | не |
| 52 | Космик Дивелопмент ДОО | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 53 | Орбита ИНВ ДООЕЛ Скопје | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 54 | Инфософт Системс ДОО Дкопје | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 55 | Фондација Хоризонти | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 56 | Фондација Хоризонти EFSE ревизија на потврдите за исполнување на договорните финансиски индикатори на успешност | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 57 | Фондација Хоризонти СЕВ ревизија на потврдите за исполнување на договорните финансиски индикатори на успешност | Скопје | Договорна | ревизија | не |
| 58 | Бионика Фармацеутикалс ДОО | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 59 | Факом АД | Скопје | Законска | ревизија | да |
| 60 | Факом Монтажа ДООЕЛ | Скопје | Законска | ревизија | не |
| 61 | Хелсиншки комитет за човекови права Проект: Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Северна Македонија | Скопје | Договорна | expenditure verification | не |

## VII. Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото МСС

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото МСС е дадена во Прилог 2 кон овој Извештај.

## VIII. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија МСС за континуираната едукација на овластените ревизори

Изјавата за политиката што ја следи друштвото за ревизија МСС за континуираната едукација на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 кон овој Извештај.

## IX. Финансиски информации

| | **2025** | 2024 |
|---|---:|---:|
| **Вкупен приход на Друштвото (во 000 МКД)** | 18,942 | 19,963 |
| **Вкупен приход на Друштвото (во ЕУР)** | 308,005 | 324,628 |

| | **2025** | **2024** |
|---|---:|---:|
| **Поделба на приходот по видови на услуги:** | | |
| - ревизија на годишни и консолидирани сметки | 76% | 69% |
| - дополнителни услуги за уверување на квалитет | 0% | 0% |
| - сметководство | 24% | 31% |
| - проценки | 0% | 0% |
| - вештачења | 0% | 0% |
| - друго | 0% | 0% |
| **Вкупно** | **100%** | 100% |

## X. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори

Примањата на овластените ревизори во друштвото за ревизија МСС се утврдени по следните основи:

- Сите овластени ревизори примаат фиксна плата во текот на целата година, согласно договорот за работа;
- Овластените ревизори кои се едновремено и капитални партнери во друштвото, добиваат дивиденда согласно учеството на секој од партнерите во капиталот на друштвото.

**Управител**

Антонио Вељанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**Прилог 1**

**Изјава за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, друштвото Мур Стивенс ДОО Скопје доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото.

**Управител**

Антонио Вељанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**Прилог 2**

## Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото МСС

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Партнерот – управител е задолжен да ја утврдува независноста на друштвото МСС во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава;
- Партнерот задолжен за етички прашања е одговорен за одржување на листи на клиенти на друштвото МСС, кои се достапни до сите партнери и членови на персоналот, при што, сите партнери и секој член на персоналот на МСС (вклучувајќи го и новиот персонал) ја утврдува својата независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на друштвото.

**Управител**

Антонио Вељанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија МСС за континуираната едукација на овластените ревизори**

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, секое посебно ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- овластените ревизори и партнерите имаат обврска да посетуваат континуирана обука за професионалано усовршување од минимум 40 часа годишно, организирана од страна на професионалананата организација на ревизорите во Р.Македонија;
- ревизорите и асистенти-ревизори посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата интерно организирани во друштвото за ревизија МСС;
- ревизорите и асистенти-ревизори имаат задолжителна обврска да ги посетуваат сите семинари и курсеви кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор;
- овластените ревизори и партнерите посетуваат обуки и едукација организирана од страна на професионалната мрежа, како и други меѓународни институции (Светска банка и сл).

Управител

Антонио Верјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

## КОНТАКТИ

За повеќе информации, испратете порака на следните адреси: marketing@moore-global.com или moore@moore.mk, или посетете: www.moore-global.com или www.moore.mk.

MOORE

www.moore-global.com

Ние веруваме дека информациите содржани овде се точни во време на објавувањето, но не можеме да прифатиме никаква одговорност за каква било загуба на која било личност како резултат на дејствување или воздржување од дејствие како резултат на која било ставка од оваа Понуда. Мур Стивенс ДОО Скопје, друштво основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, обезбедува ревизија или други професионални услуги на клиенти. Мур Глобал и нејзините фирми-членки се правно различни и одделни ентитети. Тие не се и ништо нема да се толкува за да ги постави овие субјекти во однос мајка-ќерка, подружници, партнери, заеднички вложувања или агенти. Ниту една фирма-членка на Мур Глобал нема никакво овластување (реално, очигледно, имплицитно или на друг начин) да го обврзува Мур Глобал или било друга членка или дописна фирма на Мур Глобал кој било начин.